29

Здружение за хумано-општествен развој
ПРОЕКТ СРЕЌА Скопје
Бр. 0307-2
25.01 20 22 год.

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 31-01-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | | | Вредност Vlerë |
| 19-18/1 | | / | / |

Здружение за хумано општествен развој Проект Среќа

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Допри ги ѕвездите**

(Име на проектот)

Скопје, 25. 01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-104/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за хумано општествен развој Проект Среќа |
| Наслов на проектот | Допри ги ѕвездите |
| Период на спроведување на проектот | од ----01.08.2021----- година до ---31.12.2022- година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Кристина Арнаудова Петровски |
| Проектен менаџер | Кристина Арнаудова Петровски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078/378478 proekt.srekja@gmail.com |
| Цел на проектот | Подобрување на квалитетот на живот на децата и младите во социјален ризикво Републиката преку обезбедување на училишен прибор и опрема, опремување со компјутерски уреди и интерент пристап за следење настава, и озвозможување на децата и младите подобра социјализација, афирмација на нивните таленти, достапност на едукативни и спортски активности |
| Целна група | Деца и млади од цела територаија на републиката кои спагаат во било која категорија на социјален ризик |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Локација на спроведување Скопје, целно подрачје Република Северна Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | _____600.000___ ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | _____600.000___ ден. |

**2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)**

Проектот „Допри ги Ѕвездите„ е проект од општествено одговорен и социјален карактер кој има за цел да го подобри квалитетот на живот на децата и младите во социјален ризик. Како останатите проекти на Здружението Проект Среќа, кои имаат глвана цел подобрување на квалитетот на живот на децата и младите во било која катергорија на социјелн ризик така „Допри ги Ѕвездите„ претставува еден од главните и суштински проекти преку чии активности тоа се реализира.

„Допри ги ѕвездите"се заснова на подбрување на можностите кои децата и младите во социјален ризик треба да ги имаат, и тоа преку опремување со училишен прибор, компјутерски уреди, пристапност до интернет како и можност за нивна афирмација и социјализација во повеке аспекти на животот. Еден од начинитите за подобрување на можностите кои ги имаат овие лица се спроведува со потпишување на меморанди за соработка со институции, приватни училишта за странски јазици, спортски клубови, театри, организатори на концерти, игротеки,...

Во текот на спроведувањето на овој проект беше обезбеден училишен прибор и опрема за повеке од 350 деца.Во текот на 2021 година 17 семејства добија можност за интернет пристап во своите домови од кои 7 беа платени од средствата одобрени за овој проект. Општествено одговорни компании и хумани физички лица текот на годината донираа компјутерски уреди со кои за повеке од 50 семејства во социјален ризик добија можност да имаат сопствен копјутерски уред во своите домови. Еден нов компјутерски уреди беше дониран за основно училиште од Скопје, кои изучуваа компјутерска наука, но немаа уред на кои може да работат. Бепе дониран компјутерски уред и на детската Градинка Мали Пријатели од Шуто Оризари како и прибор и опрама за 30 дечиња од градинката.

Во текот на 2021 година и за време на реализација на овој проект беа потпишани меморандуми за соработка со различни организации од различни области кои овозможија достапаност и пристап до повеке активности на децата и младите во социјален ризик.

Благодарение на овие мемораднуми и успешната соработка со организациите во повеке аспекти беше подобрен животот на децата. За две малолетни деца во социјелен ризик, со потешкотии во нивниот ментален раст и развој, беше овозможена психолошка, дефектолошка и логопедска помош. Резултите од работатата со овие деца се и повеке од

позитивни. Децата се оспособени за самостојно читање, пишување, распозанавње на знаци, подобар говор, подобра концетрација и низа други позитивни карактерситики кои го подобрија нивниот целокупен секојдневен живот.

Членови кои имаа интерес и потреба од физичка активност но немаа можност за спортување , благодарение на меморндумот за соработка со фитнес тренер добија можност за спортување и го подбрија нивното физичко здравје. Исто така,покрај можноста за спортување имаа можност и за консултација за правилна исхрана. Покрај тоа важно е да се напомене дека благодарние на хуманоста и филатропијата која тренерите ја имаат и нивниот целокупен тим, беше потикната и акција во која заедно со сите членови кои вежбааат кај нив обезбедија храна и облека за новогодишните празници за семејства во социјален ризик. Хуманоста, социјалеизацијата и филатропискиот пристап кон живототот кои овој тим го има успешно беше промовиран и потикот за релиација на дополнителна хумана активност имаше голем позитивен резултат.

Деца од основните и средните училишта кои имаа потреба од дополнителни часови по странски јазици или пак кои сакаа да го подобрат своето знаење имаа можност да учат во приватно училиште за странски јазици од Скопје.

Главните три цели кои беа опфатени и предвидени во самиот проект и во програмата за реалзицаија на проектините активности се :

- Набавка на квалитетна и соодветна училишна опрема и прибор и незјина распределба до корисниците
- Обезбедување на сооддветен интернет пристап за 7 семејства
- Наогање на соодветени општествено одговорни организации и потпишување на меморандуми за соработка . Овозможување на квалитетни услуги од културен, едукативен, спортски и забавен какратер за корисниците.

Сите наведени цели беа успешно реалзирани преку проектните активности кои се погоре напиашни. Предвидените и планираните активности соодветно на проектната програма за работа се успшено спроведени, оценката за истите е висока.

Реализацијата на проектот и неговата успешност е потврдена со поддршката која ја добивме од јавниот и приватниот и граѓанскиот сектор на државата. Трите главни еконoмски и социјални столбови на свој начин дадоа поддршка за помош и пообрување на квалитетот на живот на децата и младите во социјален ризик. Беше олеснат нивниот образовен процес и беа дадени можности за нивен напредок и понатамошен развој на повеќе начини.

Допри ги ѕвездите и повеке од успешен проект бидејки дава поддршка на лица од ранливи категории да бидат оспособени со знаење и умешности и да бидат дел од квалификуваната идна работна сила.

### 3. Спроведени активности и резултати од проектот [illegible]
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Селекција на тим | Избор и назначување на соодветен кандидат за позицијата проектен кординатор | 25.07-31.07.2021 | Успешно одбран и назначен канидат за позцијата проектен кординатор |
| Селекција на тим | Избор и назначување на соодветен кандидат за позицијата проектен асистент | 25.07.2021-31.07.2021 | Успшено одбран соодветен кандидат на позицијата проектен асистент |
| Склучување на договори со тимот кој ке го реализира проектот | Потпишани договори за соработка со проектен менаџер, координатор и асистент, и исплата на договорниот износ за нивниот ангажман | 01.08.2021 - 05.08.2021 | Успешно потпишани договори и исплатени договорните износи за нивниот ангажман на проектот |
| Состанување на членовите на проектниот тим | Реализрани се состаноци на кои се договорени и делегирани одговорностите, задачите и обврските на секој член од тимот | 05.08.2021-07.08.2021 | Успешно распределени работни задачи и обврски помеѓу членовите |
| Комуникација со корисниците и дефинирање на нивните потреби за школска опрема | Беа исконтактирани и дефинирани потребите на децата зависно од нивната возраст, одделение и потреби за училишни активности. Комуникацијата се одвиваше по маил, телефон и лично зависно од можностите на корисниците и локацијата на која живеат. | 09.08.2021-19.08.2021 | Успешно дефинирани конкретните барања и потреби на децата корисници кои треба да добијат училишен прибор |
| Изготвување на список за корисниците и нивните потреби и состанување на тимот на презентирање на резултатите од истражувањето | Од резултатите од комуникацијата со корисниците проектниот кординатор изготви список за потребите на корисниците за школски прибор и опрема како и дополнителени едукативни, образовни и социјални потреби кои ги имаат . Списокот беше презентиран на менаџерот на проектот и | 20.08.2021 | Успешно спроведен состанок на членовите на тимот, успешно презентирани потребите на децата корисници како и успшено договорени следните активности за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | асистентот. Беа направени списоци за набавка на потребната школска опрема и прибор и беа презентирани дополнителните потреби кои децата корисници ги имаат за да се пристапи кон следните фази на наоѓање компании/ организации со кои ќе се потпишуваат меморандуми за соработка. | | реализација. |
| Набавка на школски прибор и опрема | Проектниот менаџер во рамките на своите одгворности и обврски кои беа договорени и според потребите на корисниците изврши набавка на училишен прибор и школска опрема. | 23.08.2021-25.08.2021 | Успешно набавена училишна опрема и прибор за учениците/ децата корисници на проектот. |
| Изработка на постер за среќна школска опрема | Беше изработен и објавен постер со кој се најави официјалниот почеток на проектот и неговото спорведување. Постерот за „Среќна Ш колска година„ беше објавен на веб страната на здружението заедно со кус опис за проектот и неговата реализација како и на социјалните медиуми кои ги има здружениетот „Проект Среќа„ | 20.08.2021-23.08.2021 | Успешно изработен постер за проектот Среќна школска година и негова објава |
| Пакување и праќање на школски прибор | Набавената школска опрема беше распределувана според претходно направените списоци со имиња на децата, нивната возраст и одделение. Спакуваната школска опрема и прибор беа распределени и доставени на ученици од целата територија на Републиката кои се членови на здружението и се во категорија на „социјален ризик„. Децата се на возраст од предшколска возраст па до 18 години. | 25.08.2021-15.09.2021 | Успешно распределена, спакувана и доставена школска опрама и прибор до учениците |
| Состанок за Сумирање на резултатите од спроведените активности за распределба на школската опрема | Состанување на тимот на проектот и сумирање на постигнатите резултати и спроведени активности. Планирање и договарање на следните активности. | 20.09.2021 | Успешно реализиран состанок и договорени следни активности на тимот |
| Договарање на средби и состаноци со | После успешно завршената прва фаза од проектот следуваше | 23.09.2021- во тек | Успешно се исконтактирани над |

| | | | |
|---|---|---|---|
| организации/ индивидуалци/ компании со кои би се потпишале меморадндуми за соработка | почетокот на втората фаза. Во неа сс врши состанување со ентитети кои ке допринесат за подобрување на социјалниот, образовниот и културниот живот на децата корисници на бенефитете од реалзацијата на овој проект. | | 15 ентитети со кои се прават преговори и договори за подобрување на квалитетот на живот на деца во социјален ризик, членови на здружението. |
| Потпишување на мемoранудми за соработка | Успешно се потпишани мемораднуми за соработка со 5 компании/организации со кои во тековниот и наредниот период ке се реализраат активности од повеке категории за подобрување на квалитетот на живот на децата во социјален ризик. Потпишан е меморандум за 2 годишна соработка со едукативен центар и училиште за странски јазици „да научиме„ во кои децата од Скопје ке може бесплатно да посетуваат часови по странски јазик и да се образуваат зависно од нивните желби и потреби, а за децата од различни места од Републиката е овозможено онлјан следење на настава. Со осигурителна компанија „Осигурување Македонија„ е потпишан меморандум за соработка. Целта на овој меморандум потикнување на корпоративна општествената одговорност и грижа за заедницата, асистенција/ донации/ соработка при различни активности зависно од потребите на децата во следните две години. Потпишан е меморандум за соработка„тренирај со Бубало"- тренер кој се грижи за добро физичко здравје на децата. Со овој меморандум се овозможува бесплатни стручни тренинзи за децата и младите кои имаат потреба од физичка активност, едукација за правилно консумирање на храна и | 25.09.2021-31.12.2021 | Потпишани се 5 меморандуми за соработка со компании/ организации за имплеметнитирање на активности со кои бие се подобриил квалитетот на живот на децата во социјален ризик. Децата кои покажаа интерес веке постуваат часови по странски јазици, вежбаат со Бубало. Планирани се неколку родендени за следниот период со Фрателu. Со осигурување Македонија се правта договори за новогодишна акција за децата. Арс ламина донираше книги за децата членови на здружението кои имаат желба за читање. Дел од книгите се веке кај децата, дел стојат во просториите на здружението каде децата може да се послужат и да ги отстапат како и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | потикнување на здрв начин на живот. Потпишан е меморандум и со „фратели дакордо" со кои се овозможува подобрување на социјалниот живот на децата. Фратели ги отстапува бесплатно своите простории за членовите на на Здружнието. Со овој меморандум се озвозможува и бесплатно користење на просториите за потребите на здружението за реализација на различни културни, социјални, едукативни настани и случувања со цел да се потикнува хуманоста и општестевената одговорност. А исто така децата имаат можност за бесплатно славење на роденден во просториите на Фратели. Беше потпишан и меморандум за соработка со „Арс ламина" издавачка куќа која овозожува за децата во социјален ризик огромна можност за бесплатна едукација и образование преку бесплатното користењена литература од нивните изданија. Подобрувањето на квалитетот на живот на децата во социјален ризик е од многу широк спектар. Овие лица имаат многу потреби и потребна е помош и асистенција од различен спектар. Беа потпишани до сега 5 меморанудми, а активностите за нови соработки се во тек и ке продолжат и следниот период, до крај на релазација на овој проект. Започнатите преговори со ораганизациите и компаниите успешно завршија со потпишување на меморандуми за соработка . | | други би можеле да се послужат со нив. |
| упис на часови по музика | За членовите на здружението освен погоре споменатите бенефити кои ги имаат членовите од потпишувањето на | 10.10.2021 - 31.12.2021 | Оформени две нови групи за 10 деца кои сакаат да учат гитара, часовите се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | меморанудмите за соработка со компании и организации е овозможно и бесплатено музичко едуцирање со часови по гитра и пиано во училиштето за музика „гитари, дирки и свирки„ кое е во сопственост на Здружението. Од спроведените истражувања и комуникација со корисниците за нивните потреби и барања 10 деца, покажаа интерес за музичка едукација; Па од таа причина беа направени две нови почетнички групи за деца за часови по гитара. | | во тек |
| Овозможување на интернет конекција за семејства во социјален ризик | Покрај тековното истражување и комуникација со корисниците кој се спроведе, спроведено е дополнително комуницирање со одредени семејства кои имаат потреба за да им се овозможи бесплатен интернет за 1 година. Досега се најдени 4 семејства кои воопшто немаат интернет и кои во наредниот период ќе им се овозможи. Процесот на наоѓање на уште семејства кои имаат потреба е во тек. | 1.10.2021-15.12.2021 | Успешно направено дополнителни состаноци со семејства кои имаат потреба од интернет услуги. Најдени се 4 семејства кои имаат потреба, фазата на реалзација е во тек се бараат уште 3 семејства. |
| Уплата на финансиски средства за интернет за 7 семесјтва | Беше извршена авансна уплата за 7 семејсттва во социјален ризик за 1 година авансно. | 15.12.2021-29.12.2021 | Успешно изврешна уплата за интернет |
| Изработен благодарници и пофалници | Изработени благодарници и пофалници за организациите/ компаниите и лицата кои помогнаа во реализација на проектот. | 26.12.2021-28.12.2021 | Изработени пофалници и благодарници |
| Изработена брошура | изработена беше брошура за сите реалзирани и спроведени активности и опис на оставарение цели на проектот. | 20.12.2021-25.12.2021 | Изработена брошура |
| Изработен и доставен финален извештај за спроеведните активности | Сите активности, задачи и цели беа опфатени во финалниот извештај. | 25.12.2021-30.12.2021 | Завшрен извештај |
| Објава во медиуми | Беше дадена изјава во медиуми за опис на проекто и податоците и информациите од спроведените активности | 31.12.2021 | Објава во медиуми |

## 4. Проблеми во спроведување на проектот (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Настана мал застој при изнаоѓањето на 7 семејства кои имаат потреба за интернет. Проблемот настана во тоа што некои од семејствата воопшто немаат интернет дома, живеат под кирија и газдите бараат интернетот да биде на нивно име поставен. Исто така, дел од семејствата кои се корисници на интернет имаат ефтини врзани пакети за интернет, телевизија и мобилни телефони. Не е возможно да се изврши оделување на претплатите за телефон и интернет посебно. Исто така како проблем со кој се соочивме е тоа што кај некои семејства од руралните средини има слабата пристапност на интернет мрежа. Но веќе се најдени 4 семејства на кои во следниот период ке им биде уплатено авансно на нивното конто кај интернет провајдерот, интернет за 1 година.

Важное да се се напомене дека од одобрените и предвидените средства за школска опрема беа потрошени повеке со причина за повеќе деца да добијат училишна опрема и прибор. Преалокација на средтсвата не предизвика никакви последици врз успешноста на проектот и неговиот квалитет туку дел од средствата кои увидовме дека е возможно да се скратат на некое место ги насочивме кон друга попродуктивна цел, т.е набавка на шкослки прибор и опрема.

## 5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настапи, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Изработен заврешен извштај и брошура за проектот. Податоците и инфорамциите беа објавени на социјалните мрежи на здружението и по медиуми . | 2 | 30 брошури | https://maskimagazin.faktor.mk/dopri-gi-dzvezdite-im-obezbedi-se-na-decata-vo-socijalen-rizik |
| Изработен заврешен извштај и | 2 | 30 брошури | https://fokus.mk/proekt-sreka-obezbedenmmma-uchilishna-oprema- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| брошура за проектот. Податоците и инфорамциите беа објавени на социјалните мрежи на здружението и по медиуми . | | | uredi-i-internet-za-detsa-vo-sotsijalen-rizik-proekt-sreka-zaedno-so-vladata-preku-zaednichki-proekt-dopri-gi-zvezdite-vo-ekot-na-svetskata-pandemijata-obe/ |
| Изработени пофалници и благодарници за учесниците во проектот | 2 | 30 пофалници и благодарници | |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Поставените и предвидени цели беа оставрени успешно. Како имплементатори на еден многу важен општествено одговорен и хуман проект сме и повеке од задоволни од поддршката која ја добивме од јавниот и приватниот сектор и граѓаните. Допри ги sвездите е Проект кој сплоти три многу значајни сектори во општеството и ни даде мотив и поддршка за понатамношно имплеметирање и проширување на проектните активности. Повеќе од 300 деца во социјален ризик добија нова училишна опрема и прибор. На овие деца им се даде можност за подобро школување. Значаен за споменување е и психолошкиот момент кој е олеснат кај децата и младите во социјален ризик. Исто како нивните врсници, децата во социјален ризик имаа можност да ја почнат годината со нов ранец, тетраки и се што им беше потребно. Благодарение донациите во комјутерски уреди повеке од 50 семејства од Републиката за прв пат имаа копјутер/ таблет/Лап топ дома. На уште еден начин беше олеснат образовниот процес за децата во социјален ризик. Децата имаа можност на свој уред да следат онлајн настава, навремено да ги извршуваат домашните задачи и бидат во тек со наставната програма. Освен што ги обезбедивме со потребната опрема и прибор децата беа и мотивирани и инспирирани за да постигнуваат подобри резултати во училиште, да ги прошируваат своите знаења и да се надоградуваат. Со потпишувањето на меморандумите за соработка со наведените организации се прошири хуманоста, се развива дополнително филнтропијата и се вложува во разубавивање на сегашноста и подобување на иднината кај децата во социјален ризик. Децата за прв пат добија можности кој досега не им биле достапни.

Соработката со организациите со кои потпишавме меморандуми продолжува и во следниот период.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|

| [illegible] | (ревидиран буџет на проектот) | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|
| | 600.000 денари | 611.040 денари | Потрошени се 11, 040 денари повеке од одобрените |
| I. Вработени (вкупно) | 198.690 | 179.000 | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 179.000 | 159.310 | Разликата е употребена за набавка на шкослки прибор |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 19.690 | 19.690 | |
| II. Патни трошоци (вкупно) | 85.200 | 49.180 | Разликата во парични средства е потрошена за набавка на училишен прибор и опрема за деца во социјелан ризик |
| Транспорт | 30.000 | 30.000 | |
| Хотелско сместување | 45.200 | 15.030 | |
| Дневници | 10.000 | 4.150 | |
| III. Опрема (вкупно) | 210.000 | 277.259 | Разликата во повеќе потрошени средства е дополнета од делот за патни трошоци и средстава за вработени |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | 210.000 | 277.259 денари | Набавка на училишна опрема и прибор за деца во социјален ризик |
| IV. Канцелариски материјали (вкупно) | 6.000 | 6033 | |
| Канцелариски материјали | 6.000 | 6.033 | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| V. Други директни трошоци (вкупно) | 56.000 | 56.018 | |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци за комуникација | 6.000 | 5018 | 1000 денари од предвидените се потрошени за уплата на интернет за семејства во социјален ризик |
| Интернет | 50.000 | 51.000 | Разликата од 1000 денари од помалку потрошени средства за коминикација беа пренаменти за уплата на интернет за семејства |
| Банкарски провизии | | | |
| VI. Индиректни трошоци (вкупно) | | | |
| 17Користење канцеларија | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно) *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | 43.550 | 43.550 | |
| Договори за услуги | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | | | |
| Превоз на матерјали и волонтери | 43.550 | 43.550 | |
| Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII) | 600.000 | 611.040 | Потрошени се повеке од одобрените средства за 11.040 денари |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на

спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

**8. Документација**
**(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)**

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

______________, 31. 01. ____. 2022 год.

(Место) (датум)

______________________________

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

______________________________

М.П. (Потпис)